Друштво за трговија и услуги
ГЛОБАЛ ИМПАЦТ ДООЕЛ Скопје
Ул.8 бр.12, Скопје
www.globalimpact.mk

# ФИНАНСИСКИ АСИСТЕНТ

- Отворена работна позиција -

Компанијата GLOBAL IMPACT влегува во секторот градежништво во 2015 година со финална цел да поттикне нов стил на живеење во урбаната средина по европски стандарди. Наша примарна дејност е изградба на станбени, деловни и индустриски објекти, кои претставуваат синоним за квалитетна, сигурна и професионална градба.

Континуираното подобрување на квалитетот на градбите, следење на светските трендови во доменот на градежништвото и домувањето, примена на современи технологии и модели на градење се само дел од работите за кои секојдневно се залагаме.

Поради зголемениот интензитет на активности и потребите на секојдневното оперативно-административно работење, GLOBAL IMPACT го проширува својот тим за Финансии и отвара нова работна позиција **ФИНАНСИСКИ АСИСТЕНТ** со доленаведените спецификации.

## Базични информации

- Времетраење на договорот: 6 месеци (со можност за продолжување)
- Официјален старт на работната позиција: Септември 2019, (по договор во најбрз можен рок)
- Работно време: 8 часа/дневно (5 дена во неделата; Понеделник до петок)

## Потребни квалификации

- Завршено високо образование (Економски Факултет)
- Минимум 2 години работно искуство во сектор за финансии/сметководство
- Претходно работно искуство со PANTHEON ќе се смета за предност
- Напредно познавање на MS Office пакетот и работа со компјутери
- Добро познавање на англиски јазик
- Способност за справување со повеќе приоритетни активности
- Внимание на детали и структуиран начин на размислување
- Самоиницијативност и способност за работење без постојан надзор
- Експедитивност, трудољубивост, точност, работа со рокови

## Работни задачи

- Извршување на редовни административни активности во доменот на финансии
- Прием, книжење на влезна/излезна материјална и финансиска документација
- Подготвување на редовни и ад-хок извештаи за контрола и анализа за потребите на менаџментот и сите засегнати страни интерно во компанијата
- Подготвување на извештаи пропишани со законска регулатива
- Следење на финансиските перформанси на компанијата и анализа на работењето на компанијата
- Следење на парични текови и евидентирање на сметководствени промени
- Асистирање во работните задачи на финансискиот менаџер
- Други задачи кои ќе му ги довери финансискиот менаџер во координација со менаџментот на компанијата

## Потребна документација за аплицирање:

- Ваша професионална биографија (CV на македонски јазик)

## Финален временски рок за поднесување на апликацијата

- Целосна апликација да се достави на следната e-mail адреса: info@globalimpact.mk и ivana.pavlovska@globalimpact.mk
- Временски рок за поднесување на апликацијата: 27ми Август, 2019г.